РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
С О Б Р А Н И Е
НА РЕЛУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бо. 07-2163/2
1 јуни 199 8 .год.
С К О П Ј Е

ДО КОРИСНИЦИТЕ НА СТЕНОГРАФСКИТЕ БЕЛЕШКИ ОД СЕДНИЦИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во прилог Ви се доставува дописот на шефот на Каби- нетот на министерот за одбрана, во кој се содржани исправки во излагањето на министерот за одбрана Лазар Китановски на Деведе- сеттата седница на Собранието на Република Македонија од 29 ап- рил 199 8 година.

ЗАМЕНИК НА СЕКРЕТАРОТ
НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА,
Рокса Георгиевска

МЛ

Република Македонија
Министерство за одбрана
*Кабинет на министерот*

СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
С К О П Ј Е

| Примено | 1. VI. 98 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 2163/1 | | |

07 - 2085/1

30-04- 1998 .

до
ПРЕТСЕДА ТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ѓ-дин Тито Петковски

Во одговорот на пратеничкото прашање што го постави пратеникот Хисан Рамадани од страна на министерот за одбрана д-р. Лазар Китаноски е направен јазичен лапсус во делот кога се споменува новата Влада на Р.Албанија и намалувањето на шверцот со оружје меѓу Р.Македонија и Р.Албанија.

Од контекстот на одговорот е јасно дека министерот Китаноски ја споменува новата Влада во Р.Албанија наместо споменувањето на Р.Македонија.

Заради не оставање на простор за поинакви толкување на оваа изјава на министерот Китаноски во продолжение следува делот од одговорот на министерот што се однесува на поставеното прашање.

"Инаку, би сакал да ја искористам можноста да укажам дека покрај другото овие зголемени мерки за зајакнување на границата се насочени и против можниот илегален шверц со оружје од било која страна.

Не се точни шпекулаииите дека преку Република Македонија се шверцува оружје шпекулации што се појавија во некои медиуми и од страна на некои личности.

Можам да потврдам дека со доаѓањето на новата Влада во Република Албанија драстично се намали шверцот со оружје меѓу Р. Македонија и Р.Албанија а зо последно време воопшто не се забележани обиди за шверц со оружје ниту на мекедонско-албанската ниту на македонско-југословенската граница.

Исто така извештаите на УНПРЕДЕП и на мониторинг мисијата на Европската Унија се во целосна согласност со нашите информамции."

Ве молиме исправката да биде внесена во официјалните стенограми Седницата на Собранието на Р.Македонија.

ШЕФ НА КАБИНЕТОТ
Зоран Јачев

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Девеести седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 29 април 1998 година

Скопје, април 1998 година

**90-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 29.АПРИЛ 1998 г.**

ДИСКУТАНТИ:

ДНЕВЕН РЕД: с.3.и 4

1. АРСОВСКИ БРАНКО - 12, 14
2. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР - 10,12,13,17,20,21,22
 - потпр.на Влада -
3. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР – 25
4. КИТАНОВСКИ ЛАЗАР - 6 ( мин.за одбрана)
5. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 10, 23, 35
6. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 18
7. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1 ( води седн.)
8. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 27
9. РИСТЕВСКИ МИТКО - 21
10. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 4, 8
11. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 5, 20, 21
12. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 9
13. СПАСОВ ЃОРЃИ - 19, 28, 31, 35 ( мин.за правда )
14. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 14,17,
15. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 25

с.28- Експозе по Законот за избор на пратен. ( Ѓ.Спасов )

- продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Девеешта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 април 1998 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија, во сала број 1, со почеток во 13,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници ја отворам Деведесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоре Темелковски, Јован Србиновски и Ристо Марковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието полноважно може да одлучува.

На седницата се поканети и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и гувернерот на Народната банка на РМ.

ЗПК предлага на оваа седница да бидат разгледани барањата за давање на автентично толкување на членот 111 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и за давање на автентично толкување на член 5 став 1 и 4 од Законот за локални избори.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

I/2 рд/вц

Ве известувам дека предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со предлог на закон беше разгледан на 89-тата седница.

Комисијата за здравство му предлага на Собранието да го дополни предлогот на дневниот ред на оваа седница со предлогот на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Битола.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратениците Томислав Стојановски и Љубомир Поповски поднесоа предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Кичево и предлагаат тој да биде разгледан на оваа седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

II/1/ДВ/лј

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот Зоре Темелковски ме извести дека се повлекува од предлогот поднесен од група пратеници за поставување на интерпелација за потпретседателот на Собранието на Република Македонија г-дин Џеладин Мурати.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред-.

1. Предлог на закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

2. Предлог на закон за референдум и граѓанска иницијатива

3. Предлог за давање на автентично толкување на член 111 од Законот за трансформација на претпријатијата за општествен капитал, поднесен од Јавор Агротекстил Битола

4. Барање за давање на автентично толкување на член 5, став 1 и 4 од Законот за локални избори, поднесен од Советот на општина Ресен.

5. Годишен извештај на Народната банка на Република Македонија за 1997 година

6. Предлог на одлука за потврдување на двогодишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 19 97 година

7. Предлог на одлука за потврдување на финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 19 98 година

8. Предлог на одлука за одбележување на јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија

9. Предлог на одлука за давање согласност на статутот на Јавната здравствена организација Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Битола и

10. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Основниот суд во Кичево.

Дали некој од пратениците предлага изменување и дополнување на дневниот ред.

Има збор г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМВДАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, г-да од Владата на Република Македонија

Вчера г-динот Хисен Рамадани бараше една усмена информација во врска со состојбите на Косово и како се рефлектираат Во Република Македонија односно во регионот Јас исто така, барав збор, меѓутоа, откако претседателот односно претставникот на Владата рече за наредната седница, а веќе наредна седница е денешната, ќе имаме таква информација односно ќе се направи напор да имаме таква усмена информација, очекуваме значи дека на оваа седница ќе имаме.

Добро би било министерот за одбрана да не информира како пратеници односно како Собрание. Дури јас одам и понатаму, ако веќе постои подготвеност да се информираме, можеме како пратеници да се информираме и на затворена седница, затоа што ние сепак сме пратеници и со тие информации што ги добиваме од медиумите, тоа што читаме, не ги задоволуваат потребите на нивото на информации за пратениците.

Предлагам во текот на оваа седница да имаме една таква информација, мислам дека вчера и се договоривме за тоа.

II/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас морам да ве информирам дека добив согласност од министерот за одбрана дека ќе даде една кратка информација на Собранието, а меѓутоа, без точка на дневен ред по која би се водела расправа. Јас мислам и предлагачот на оваа точка имаше и таква цел. Според тоа Собранието ќе биде информирано во текот на оваа седница.

Г-динот Томислав Стојановски бара процедурално.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада почитувани колеги пратеници).

Јас да му се заблагодарам на колегата Зоре Темелковски што се повлече на еден ваков начин недостоен за пратеник, подло, во последен момент.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, ова не е процедурално прашање.

Вие за тоа можете да повикате новинари и да држите конференција за печат. Овде во Собранието за тоа немате право.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете претседателе, само една минута. Да се заблагодарам затоа што не скрати од она што значи да укажеме на неправилно водеше на седница, на непочитување на уставот и законите и спрема се она што се случува значи едно извонредно глумење тука во знак на револт и сл. Според тоа пред- лагам г-дине претседателе, друг пат кога некој од пратениците при кршење на Уставот,законот и деловникот да не прифаќате тука реакции, туку седницата да ја водите достоинствено и до крај. Значи тие реакции не се искрени и поштени, туку се само дел од манипулации и сл.

II/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Китановски, министер за одбрана., во врска со Предлогот на Исмет Рамадани и се разбира Хисен Рамадани на вчерашната седница.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Почитуван г-дин претседателе на Собранието, почитувани пратеници.

Беше побарано од двете министерства да го информираат Собранието за прашања сврзани околу настаните на Косово и второ прашањето на г-динот Аце Коцевски околу стратегијата за одбрана на Република Македонија, па ја користам оваа прилика да го информирам Собранието за овие две барања.

(Реакција од место од страна на пратеникот Аце Коцевски дека тоа сега не е на дневен ред. )

Ве молам, ова е одговор од претставникот на Владата во врска со Барањето на г-динот на Хисен) Рамадани и Исмет Рамадани, а не расправаме по него, се разбира не е на дневниот ред.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Мислам дека не е упатено да се одржи и затворена седница на Собранието на РМ, посветена на Косово. Впрочем толку ни е познато ниедна соседна држава не е држава таква седница и мислиме дека со тоа би го драматизирале нашиот однос кон ова прашање. Инаку, нема потреба од затворена седница и од аспект на надлежностите на Министерството за одбрана и министерството за внатрешни работи на РМ, бидејќи на оваа сееница можеме да ве информираме за овие активности кои се во наша законска надлежност. Што се однесува до Министерството за одбрана, нашите проценки беа дека е можно кризата на Косово да колуминира на пролет оваа година. затоа генералштабот на армијата на РМ, уште во ноември 1997 година доби наредба да

изготви план за зајакнување на границата кон СРЈ, што е вообичаена процедура за секоја суверена држава. Согласно проценките на министерството за одбрана, определен број единици на армијата, на 6.03.1998 година се лоцираа на определени точки заради зајакнување на државната граница. Единиците се сеуште на определените точки.

Инаку, според наши сознанија не постојат зголемени активности кои би биле насочени кон РМ, освен зајакнати патроли и од другата страна на границата меѓу Република Македонија и дел од СР Југославија. Исто така и Министерството за внатрешни работи е соорганизирано и организационо поставено па и двете министерства се во тесна соработка.

Инаку, би сакал да ја искористам можноста да укажам дека покрај другото овие зголемени мерки и за зајакнување на границата се насочени и против можниот илегален шверц со оружје од било која страна. Не се точни шпекулациите дека преку Р. Македонија се шверцува оружје, шпекулации кои се појавија во некои медиуми и од страна на некои личности. . ;

Можам да потврдам дека со доаѓањето на новата влада на РМ, драстично се намали шверцот со оружје на границата на Република Македонија и Република Албанија, а во последно време воопшто не се забележани обиди за шверц за оружје ниту на македонско-албанската ниту на македонско-југословенската граница.

Исто така извештаите на УНПРЕДЕП и на мониторинг мисијата на Европската унија се во целосна согласност со нашите информации

Истовремено, ја користам оваа прилика да го информирам Собранието дека на граничните премини спрема СРЈ не е забележана зголемена фреквенција на минувачи. Значи таа е вообичаена.

II/6.-

Од овие причини мислам дека нема потреба од посебна седница, ниту ни од затворена седница, бидејќи ова се фактите, ова се нашите обврски кои сме ги преземале и засега не постои некој нов момент кој би налагал потреба од оваа или пак затворена седница на Собранието на РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

ги молам г-дата Хисен и Исмет Рамадани да се произнесат дали го прифаќаат овој став на Владата.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас излегов само да кажам дека се согласувам, со самиот факт што ние баравме само информација, тоа значи информација без дискусија, се разбира, затоа што ги сваќаме работите и во оваа ситуација, може би како пратеници не би било добро ние да расправаме за односи односно ситуации кои се случуваат во друг регион односно во овој случај на Косово. Меѓутоа, сакам уште да кажам и тоа дека мојот предлог односно не беше тоа некое инсистираше мое дека министерот да поднесе информација на затворена седница. Мислев на тоа, г-дине министре дека, ако веќе имате нешто да кажете односно да информирате само за пратениците , тогаш обично се практикуваат и затворени седници, што и го практикувавме одвреме навреме и во минатиот мандат на ова Собрание и во овој. Тоа ми беше целта. Подобро што вака. Сепак добивме една информација која е владина т.е. од министерот, отколку да се шпекулира со разни информации и дезинформации кои доаѓаат низ печатот, се разбира од разни места и од разни автори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас мислам дека и македонската јавност е информирана, се разбира и вие пратениците,на Комисијата г-динот Китановски информираше за односите со соседите пред матичната собраниска комисија а нешто пошироко и за овој аспект на односите.

II/7.-

Има збор г-динот Владимир Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитувани претседателе, почитувани, претставници на Владата, почитувани колеги.

Барам во дневниот ред на оваа седница да се додаде една додатна информација од Владата односно од Министерството за правда, а во врска со формирањето на јавното комунално претпријатие на општина Сопишгге.

Само да потсетам за оние колеги кои не се информирани доволно. Општина Сопиште произлезе како нова општина, според законот за територијална поделба, од општина К. Вода и каде што функцијата на обавување на оваа дејност на имаше Градското комунално претпријатие.

Имено и според законот за локална самоуправа и според законот за распределба и разграничување на новонастанатите општини со постоечките општини и спрема законот за водите, за да се фор- мира вакво јавно комунално претпријатие, ова е прво претпријатие кое е формирано воопшто од една нова општина, неопходни се две спогодби. Првата спогодба е, со претходното претпријатие кое ја обавувало таа дејност, во случајот тоа е комуналното градешко претпријатие - Скопје. Втора спогодба која е неопходна да се направи е со матичната општина од која произлегла новата општина Сопиште. И она што е нај бит<но во оваа општина е изграден во меѓувреме објект за снабдување со вода за пиење за сите населени места, објект кој чинеше некаде еден милион и 500 иљjади марки, а каде со самопридонес населението учествуваше со 40%. Така да практично со ова претпријатие тој објект сега влегува во составот на која новонастанато комунално претпријатие што сметам исто така законски не е во ред.

II/8.-

Ја молам владата односно министерството за правда да подготви информација и да ја достави до нас пратениците на оваа седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставникот на Владата во врска со овој предлог да се изјасни.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ќе прифатиме изработка на таква информација за информирање на пратеникот. Впрочем ние имаме и една комисија во Владата која што работи на овој и други слични случаи кои што се како појава во РМ, и таа информација ќе ја доставиме до пратеникот, меѓутоа за информирање на пратеникот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира информацијата ќе биде доставена до сите пратеници. Се што доаѓа до еден пратеник, доаѓа до сите пратеници.

Има збор г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа.

Во мое име и во има на г-динот Милчо Трајков и Јован Николовски, барам владата на РМ, да поднесе информација за состојбите со загаденоста на животната средина во Велес и за преземените мерки од страна на Владата за спречување на загадувањето и за помош на металургиско - хемискиот комбинат 3 летово, за надминување на овие состојби со кои се судираат велешани. Мотивот произлегува од алармантните податоци кои беа пренесени во дневниот весник "Дневник" во изминатите неколку денови, а се преземени од страна на испитувањата кои се вршени од Данскиот консултански

институт Кригер. Имено, според тие податоци состојбата е следна:

Емисијата на флуор во воздухот е за 177 пати поголема од максимално дозволените концентрации; емисијата на азот е за 15 пати поголема, а емисијата на олово, цинк, жива и уран од 89 до 189 пати поголема од дозволената концентрација.

Ако на тоа се додадат и податоците дека дневно во реката Вардар преку отпадните води се влеваат 56 килограми ураниум, 30 кг. цинк, 2 килограми... и 300 грама жива, или во отпадните води од фабриката за вештачко ѓубре дека се влеваат 13,9 тони фосфор, што одговара на големина на држава со 4,6 милиони жители, или 4,7 тони дневно азот, што одговара на 400 илјади жители што живеат во непосредната околина, се доаѓа навистина до застрашувачки показатели кои зборуваат дека во Велес станува се поопасно да се живее. Последиците по здравјето на велешани се огромни, што се гледаат преку бројот на заболени од карцином, преку неспособните млади луѓе за служеше на военоит рок, преку стерилните бракови, преку бројот на мртвородени деца или деца родени со аномалии и да не набројувам понатаму. Од ова произлегува дека на Велес му треба помош, меѓутоа помош му треба и на металургиско-хемискиот комбинат 3 летово, затоа што вработените кои работат таму и раководството на фабриката очигледно не се во состојба сами да го решат проблемот со загадувањетон и од тој аспект би било добро да ги знаеме ставовите на Владата што таа презема во врска со помошта на металургиско-хемискиот комбинат Злетово за воведување на таква технологија и купување на таква опрема која ќе гарантира здрава животна средина во Велес, посебно во преговорите што се водат сега за помош, помошта од јапонската влада.

III/1 ЈМ/МП

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Од Владата се бара изработка на оваа информација и по таа информација евентуално ако се согласи Парламентот да се расправа на денешната седница. Ние прифаќаме да се изработи информацијата, меѓутоа не ќе можеме да успееме да ја подготвиме за оваа седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали се согласувате? (Се согласуваат).

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Прво, во името на сите пратеници од Куманово, предлагам Владата да достави една информација за степенот на загаденоста на Кумановска река и мерките што ќе ги преземе Владата за надминување на овој многу акутен проблем. Морам да кажам дека граѓаните во Куманово, посебно кои живеат на подрачје на Кумановска река често пати чувствуваат да не кажам непогодности и во тој дел мислам дека е загрозен оној квалитетниот живот на граѓаните. И во таа насока сите ние пратеници од Куманово бараме една таква информација за состојбата на Кумановска река и мерките што ќе треба да ги преземе Владата, по можност да расправаме, односно да бидеме информирани, ако треба дури и расправа Собранието за таа намена.

Второ, поставувам едно прашање, односно барам од Владата, односно од ресорното Министерство за здравство да расправаме по една информација за месечната потрошувачка на медикаменти, односно лекови во Република Македонија кои се набавени од Фондот за здравствена заштита во кој дел треба да бидат лекарствата кои се на негативна листа, и лекарствата кои се на позитивна листа. Имам сознание дека населението во Република Македонија е доведено во позиција да не може да ги користи до крај лекарствата од позитивна

листа и е во ситуација да користи повеќе од негативна листа што на некој начин материјално се оптоварува со купување на лекарства во приватните аптеки и да не кажам иако нивниот буџет и така е сиромашен, во таа смисла, се оптоваруваат со овие лекарства. Добро е Министерството за здравство да даде една ваква информација и по можност по оваа информација да расправаме на денешната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Морам претставникот на Владата да се произнесе во врска со овие два предлози на господинот Арсовски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Она што го кажав и за барањето за изработка на претходната информација околу изработка на информација за Кумановска река, истото важи и прифаќаме да се изработи информација, меѓутоа таа не можеме да ја изработиме за да се расправа на оваа седница.

Околу барањето за изработка на информација во која што ќе се презентира состојбата со месечна потрошувачка на лекови од позитивна и негативна листа, колку што јас можев да разберам станува збор за потреба која што ја искажа пратеникот да се изработи таа информација, да се информира пратеникот, за тоа дали ќе се расправа по таа информација да одлучи Парламентот. Прифаќаме да се изработи, а вие ќе одлучите дали ќе расправате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали се согласувате господине Арсовски?

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Во консултацијата со сите пратеници од Куманово се сложуваат ова да биде на наредна седница, бидејќи ќе треба посебно испитување.

Во однос на второто исто така се сложувам да бидам информиран, а со тоа би било добро да бидат информирани сите пратеници, бидејќи сите пратеници ги имаат истите проблеми во Република Македонија.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, вчера колегата Звонко Каров го постави проблемот со извршување на пролетната сеидба, односно на сеидбата на оризот и сосема е оправдано.

Јас денес ќе поставам едно друго прашање, односно како пратеник ќе поставам прашање, станува збор за сеидбата на шеќерната репа. Сеидбата на шеќерната репа се приведува при крај и според плановите на фабриката за шеќер од Битола од посеаните површини со оваа култура годинава се очекува да се добијат околу 10 илјади тони бел кристален познат битолски шеќер, односно шеќер од шеќерна репа за кој што е заинтересирана цела Европа. Покрај овој шеќер во фабриката за шеќер од Битола треба да се преработат уште 40 илјади тони суров шеќер од шеќерна трска. Една половина од суровиот шеќер е преработен, а другата половина чека доработка. Работите на овој план од поодамна се стопирани. Ги стопира увозот на шеќер што е извршен во времето кога требаше да се продава битолскиот шеќер. Во магацинот на битолската шеќерана сега засега има околу 12 илјади тони бел шеќер и

уште близу 100 вагони во магацините на ресенски Агроплод. Од овие големи залихи главата ги боли и шеќеранци и земјоделците. Шеќеранците не можат со месеци да земат плата и покрај тоа што цела година произведуваат шеќер не можат да ги платат долговите спрема банките за тоа што увезле шеќер, а земјоделците не можат од својата шеќерана да добијат минерални ѓубрива и средства за заштита, односно негување на посевите со оваа култура. Значи увозниот шеќер кој од непознати причини е поевтин од домашниот шеќер го загорчи домашниот шеќер и сега овој шеќер стои непродаден.

Барам Владата на Република Македонија да подготви една информација за денес во која ќе каже како и на кој начин ќе го заштити домашното производство на шеќер исто онака како што тоа го направи со Рафинеријата за нафта во Скопје. Значи очекувам на денешната седница одговор на тоа прашање.

Инаку втората информација се однесува со проблемите околу искористувањето на водите од хидросистемот Стрежево. Покрај тоа што овие проблеми се присутни во источна Македонија, овие проблеми се присутни и во битолскиот дел на Пелагонија. Имено, заради неподмирени обврски на селаните кон системот Стрежево за изминатиов период, тие не се подмирени затоа што нема од каде, нема средства. Стрежево одби да им даде вода за наводнување на земјоделците од селата Могила, Кукуречани, Карамани, Црнолуко и некои други поголеми села. Не им даде вода за наводнување на околу две илјади земјоделски домаќинства. Господо, во битолскиот дел на Пелагонија скоро два месеци царува голема суша, посевите со жито пропаѓаат, а пролетните култури не можат да поникнат. За жал оваа жална глетка е присутна и во атарите кои се покриени со мрежата за наводнување. Заради затво-

рените хидранти на системот Стрежево земјоделските култури пропаѓаат пред очите на селаните. Тоа што може да се спаси, се спасува со носење на буриња со вода што се полни од реката Шебница или од селските водоводи. Колку Стрежево е во право со воведувањето на ваквите санкции спрема земјоделците не знам. Меѓутоа, знам само тоа дека овие санкции годинава ќе го преполоват земјоделското производство во Могила, Кукуречани и другите села, за кои се однесуваат овие санкции. Господо, нашите системи се градени за потребите на земјоделците и кон нив треба поинаку да се однесуваме. Ако земјоделците од овие села три години не ги платиле давачките Стрежево било должно тоа да го стори преку судските органи. Вчера министерот за земјоделство рече дека кој не плаќа услуга нема да прима друга услуга. Нека биде така. Но, во нашиов систем за наводнување има земјоделци кои што редовно си ги плаќаат давачките за наводнување. Зошто сега и тие се зафатени со овие чудни санкции. И нешто друго, кога веќе во овие наши системи на големо се мафта со Законот за води што го донесовме во текот на оваа година. Прашувам што ќе биде со примената на овој закон околу наплатата на така наречената сува такса, значи ако не наводнува да плати. Некој ќе рече дека ова е прашање што треба да го разреши системот со земјоделците. Господо, ова е прашање што треба да го разреши Владата на Република Македонија и од неа барам денес да поднесе информација како мисли да го разреши ова прашање и дали ќе издаде некоја наредба овие системи да ја пуштат водата и да го спасат земјоделското производство.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Имаше два предлози.

Првиот беше околу состојбите во шеќераната Битола и проблемите кои што се присутни, а предизвикани од залихата на шеќер од тековното производство во шеќераната. Беше побарано да се информира Парламентот што превзема Владата на тој план. Јас веднаш да кажам и да информирам дека Владата на својата претпоследна седница донесе одлука покрај претходните одлуки што ги имаше донесено, донесе и одлука за ставање на увозот на шеќер на режим ЛБ 7 и со тоа е постигнат таков вид на заштита кој што може да биде во функција на успешно и подинамично продавање на домашниот шеќер на домашниот пазар. Со оглед на тоа што од нас се бараше парламентот да го информираме за тоа, јас веќе еве, ја кажувам таа информација и не знам дали има потреба да изработиме информација за тоа. Тоа самиот пратеник ќе каже.

По однос на второто прашање кое што беше покренато со оглед на тоа што беше прифатена информација од нашиот министер вчера за да се изработи за Кочани, Свети Николе, би прифатиле да се дополни и за системот Стрежево.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Тантаров дали се согласувате?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Се согласувам.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, дами и господа, имам барање до Владата на Република Македонија денес усно да не информира како последна точка на дневниот ред од страна и на министерот за правда за текот на спроведување на постапката на стечајот во штедилницата ТАТ во Битола. Велам усно заради тоа што врз основа на таа расправа можеби ќе произлезат и заклучоци, да согледаме понатаму дали овој собраниски дом може и понатаму нешто да расправа или не. Зошто ја предлагам оваа информација? Бидејќи на некои пратенички прашања кои што ги поставив помина скоро една година и досега немам добиено одговор, па изгледа сме приморани на ваков начин да бараме информации на седница на Собранието. Оваа информација е потребна од следните причини.

Прво, од воведувањето мислам од почнувањето на постапката во штедилницата ТАТ досега во јавноста се изнесени податоци за три различни извештаи, за три различни цифри, од три институции кои што во најмала рака ја преставуваат државата. Еден е извештајот од Народната банка во кој што се зборуваше за триесет и седум милиони германски марки актива. Имаме втор извештај од Заводот за вештачење во кој што се зборуваше барем, а ние како пратеници ден денес немаме за тоа ништо добиено, иако неколку пати сме барапе, за 53 милиони германски марки актива. И третиот прочитавме во дневниот печат и слушнавме на медиумите пред една недела што сите некако ги израдува и штедачите, можеби и граѓаните дека дури извештајот од стечајната постапка која што се води, дури кога би се завршила стечајната постапка ќе биде дури во плус четири милиони германски марки, или некаде околу

115 -тина, точно сега цифрата не ја знам, не ме држете за збор германски марки актива. Сметам дека ваквиот пристап и ваквиот начин за една проблематика која што во овој Парламент пред година и нешто имаше така драматична расправа и три дена можеби со многу поголеми последици, сметам дека не треба понатаму да си дозволиме сето да остане на нагаѓања, предвидувања кои што на крајот би можеле да се сведат и во шпекулации.

И на крајот заради тоа што деновиве во Битола сведоци сме на поединци, на личности им стигнуваат известувања и побарувања за големи суми на пари за кредити за кои што тие можеби и самите не знаеле дали ги зеле и кога ги зеле и дали воопшто како се води таа постапка. Така што и тоа предизвикува додатни немири, би се рекло и трауми во одредени семејства. Од овие причини сметам дека би можеле денес како последна точка на седницата доколку пак Владата прифати и писмено дека може да ја изготви уште подобро, но усно накратко министерот за правда да не информира за текот на спроведувањето на постапката за стечајот во штедилницата ТАТ. Доколку тоа не е во можност спремен сум да прифатам и на наредна седница да го разгледуваме.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Јас ја разбирам загриженоста на пратеникот Најдовски за случајот ТАТ и Владата е подготвена бидејќи сепак ова се информации од посложен вид, да побара информации за природата и текот на стечајот кој што е сега во надлежност на судството кое што е независно. Од таму врз основа на прибирањето на релевантните информации за тоа како се

одвива стечајната постапка и кои бројки се точни од овие кои што ги наведува господинот Најдовски ќе подготвиме една информација за наредната седница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Импровизациите и манипулациите со системот Козјак продолжуваат. Кога веќе требаше да ги испратиме делегациите за во Кина, во Пекинг да потпишуваат договори прво срамежливо, а сега веќе и отворено и јасно вчера и денеска имаме информации дека понудата на фирмата АББ од Швајцарија е поефтина поконкурентна и поквапитетна. Барам усмена информација на оваа седница што е вистината во сите овие преговори, разговори, договори дали конечно ќе знаеме која е судбината на носителот на работите на оваа електрана. Затоа што во пред договорите оној кој што ќе го кредитира Козјак и ќе биде испорачател на опрема, барем тоа е договорот ќе биде и носител на целокупните понатамошни активности. Значи сите фирми домашни и понатаму вклучувајќи го и Електростопанство ќе се јават во улога извршители или произведувачи. Мислам дека ќе треба ако е можно усмено, мислам дека толку податоци има Владата, или пак во текот на оваа седница, или во текот на наредните денови да добиеме некаква информација. Верувајте дека ова е големо изненадување. Делегација треба да оди во Кина, а ние денеска имаме делегација од Швајцарија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Тоа се тековни активности, би рекол дневни активности. Ние сме отворена земја може да се разговара, да се преговара, да се сослушаат странски компании кои што се имаат јавено во таа претходна постапка. И затоа мислам дека е нецелисходно низ форма на усмена информација да се бара задоволување на форма на одговор на пратеничко прашање.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Мислам дека ваквите теми треба да се сконцентрираат на таков тип на работа на Парламентот и во таа прилика да се побара или усно на таа седница или да се побара писмен одговор на поставено пратеничко прашање.

Затоа мислам дека не сме во можност и како Влада не прифаќаме ваков тип на информираше.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Прифаќам Владата да изготви писмена информација која ќе ни биде доставена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам,дали уште некој пратеник бара збор? Има збор господинот Ристевски.

**МИТКО РИСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас малку пошироко од овие претходници викаа во името на едни пратеници или од други јас во името на сите пратеници ќе барам една информација од Владата нај-веројатно ќе биде поддржана да се изготви една информација за заштита на Преспанското Езеро.

Ова го кажувам од причина што Преспанското Езеро остана не-заштитено од страна на сите овие субјекти кои го напаѓаат, пред се, а истото го користат сите граѓани на Република Македонија кое е од посебен интерес него од оние локалните Куманово и на другите. Со тоа мислам дека Преспанското Езеро се наоѓа меѓу трите држави кое навистина предизвикува, во последно време е нападнато и треба да се заштити од повеќе фактори.

IV/2.-

Над сето тоа згора Преспанското Езеро во последните години има тенденција на опаѓање на нивото на водата и се предизвикани катастрофални последици.

За наредната седница барам писмена информација да се изготви од страна на Владата за заштита на Преспанското Езеро односно која ќе биде и дел на заштита на Охридското Езеро бидејќи тоа се водите кои протекуваат од Преспанското во Охридското Езеро.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Ако продолжиме вака цела Република испаѓа загадена и реките и езерата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Добра е иницијативата да се расправа за еколошки теми, тоа кажува дека многу проблеми кои ги имавме во претходниот период од друга природа веќе се надминуваат и доаѓаме до потреба од други теми.

Бараната информација беше за наредната седница или може за една од наредните седници, Владата прифаќа да изработи таква информација, бидејќи доста елементи се познати во нашата средина околу состојбите со заштитата на Охридското,Преспанското и Дојранското Езеро.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, за прашањата што мислите да бидат на дневен ред на наредните седници, тогаш да ги поставиме. Јас денеска прашав за оваа седница дали има предлог за дополнување? (Нема)

Тогаш кој е за предложениот дневен ред молам, да крене рака? (58)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (3).

IV/3.-

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Деловничка интервенција господинот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитувам претседателе, дами и господа, во име на Пратеничката група на Либерално-демократската партија, предлагам Предлог-законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија да се стави односно нека биде прва точка, меѓутоа, расправата да се одложи некаде по на крај од точките од дневен ред од следните причини:

Прво, се работи за многу важен законски проект и поради тоа не би требало да дозволиме туку така да помине расправата во Собранието на Република Македонија. Ова го зборувам од следните причини:

Прво, две многу важни комисии го немаат ставено на дневен ред дури и во ходниците на Собранието проструи вест дека овој закон ќе биде одложен за наредната седница на Собранието по првомајските празници, имено, Комисијата за избори и именвуања и Законодавно-правната комисија како многу важни тела на Собранието го немаат ставено на дневен ред односно на едната Комисија беше одложен овој закон,па од тие причини сметам дека е неопходно да се создадат услови пред да се расправа на пленарна седница на Парламентот овие две Комисии да го разгледаат текстот на Законот, по можност, да ги разгледаат и сите амандмани кои се доставени во досегашниот период на овој закон. На ова го додавам и фактот дека има големи различни концепции и видувања во врска со самата содржина на Законот, заклучокот произлегува од фактот дека се дадени огромен број амандмани по Законот, па од тие причини сметам дека ќе биде многу корисно доколку Владата на Република Македонија биде флексибилна и овозможи услови во Собранието на Република Македонија да се овозможи нормална расправа затоа што Законот не

IV/4.-

не е ниту по скратена постапка, ниту по забрзани рокови за да можат комисиите да расправаат. На тоа би го додал и фактот дека пратениците се хендикепирани поради неможноста во досегашниот период да го имаат пред себе и Законот за избор на пратеници освен ако се изземе тоа што во денешните средства за информирање можевме да го видиме распоредот, меѓутоа, тој не е комплетен затоа што има некои нејаснотии во врска со броевите на избирачките места и не може да се добие целосна претстава околу распоредот на изборните единици во Република Македонија.

Значи, во име на Пратеничката група на Либерално-демократската партија барам разбирање од страна на Владата законот да остане на дневен ред, меѓутоа расправата по него да се одвива откако ќе се создадат сите неопходни услови пропишани со Деловникот на работа на Собранието.

Благодарам однапред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Видете, деловнички услови има апсолутно исполнето целосно седницата е закажана пред 15 дена до одржувањето на седницата. Комисиите имале можност до сега да расправаат. Кој ја протурил таа вест незнам, меѓутоа, вие сите знаевте дека денес на дневен ред ќе биде и Предлогот на закон за избор на пратеници.

Според тоа, и комисиите требало да си ја сообразат својата работа според точките на дневен ред. Тоа не зависи веќе од Владата, Владата го предложи, тоа зависи сега од Собранието дали Собранието ќе прифати, но независно од тоа еве да го слушнеме и господинот Шапуриќ,ако е во врска со оваа деловничка интервенција, па ќе Ви предложам.

Има збор господинот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ.**

Почитувани пратеници, деловничката интервенција се однесува во надополнување на ова што го кажа господинот Коцевски, бидејќи и вие што го кажавте претседателе Комисијата за прашањата на изборите и именувањата имаше закажано редовно седница во понеделникот во 11,00 часот, меѓутоа, немаше претставник од Владата така што Комисијата не можеше да одржи своја седница. Барем за оваа Комисија која е една од матичните не беше разгледан законот затоа што не беше ниту министерот ниту некој од неговите претставници присутни на седницата на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата и оттаму мислам дека еве и Законодавно-правната комисија нормално дека не можеше да има кворум бидејќи денеска беше закажана за денеска и нормално дека овие комисии не можеа да заседаваат без вина на пратениците.

Исто така, информирани сме од службите дека се поднесени околу 80 амандмани и сметаме дека пратениците треба да имаат доволно време да ги погледаат тие амандмани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Деловничка интервенција од господинот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Претседателе, почитувани пратеници, предлогот на Пратеничката група на Либерално-демократската партија е легитимен во однос на тоа што бара да се одложи расправата, тоа покажува спремност или неспремност од нивна страна бидејќи еден од аргументите беше наведен за одлагање на расправата затоа што Законодавно-правната комисија нема свој извештај односно не расправаше тој факт е точен и Законодавно-правната комисија на својата седница од 27 април кога беше закажана во понеделникот точно е дека ја одложи расправата по Законот за избор на пратеници од причини што дополнително дневниот

ред за пленарната седница на Собранието беше дополнет по скратена постапка со 5 закони и Законодавно-правната комисија донесе заклучок доколку седницата заврши во рок тоа значи во вчерашниот ден како што и заврши да расправа пред самата седница.

Законодавно-правната комисија закажа седница за денес во 11,00 часот и на истата седница имате добиено известување дека го немаше потребниот кворум по чекање од 40 минути седницата беше одложена и беше известен претседателот на Собранието бидејќи планарната седница беше закажана за 11,00 односно 12,00 часот.

Во тој дел не би сакал, непријатно ми е да укажувам дека и покрај досегашната редовност на членовите на Пратеничката група на ЛДП на денешната закажана седница не се појави ни еден член иако во таа Комисија има тројца членови.

Исто така за седницата која беше закажана за 27-ми една од причините бидејќи додека Законодавно-правната комисија расправаше, се водеше пред комисиска расправа организирана од страна на Пратеничката група на ЛДП. Затоа сметам дека иако ЗПК не расправала, ова се причините зошто не расправала и зошто не зазеде став по овој доста важен закон за избор на пратеници а барањето на пратеничката група го сметам како нивно легитимно право да бараат одлагање.

**ТИТО** ПЕТКОВСКИ:

Добро, еве да Ве информирам тоа е точно го имате сите записникот од матичната комисија а таа ја одржа својата седница уште на 24 април, извештајот го имате добиено сите.

Има збор господинот Никола Г. Поповски, деловничка интервенција

IV/7.-

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Претседателе, почитувани пратеници, господа министри, барањето е легитимно и легитимно е да се прифати и да не се прифати. Се работи за политичка одлука на овој Парламент. Моето гледање е следно. Министерот за правда уште пред неколку месеци најави на јавноста дека Законот ќе биде донесен во април. Тоа го бараше и позицијата и опозицијата за да се има време до изборите, тоа тој го оствари, Законот е на дневен ред во последна фаза во април, СДСМ исто презеде обврски до април да го донесе законот затоа што според мнозинството во Парламентот од него ќе зависи донесувањето.

Сега Пратеничката група од опозицијата ЛДП бара законот да се одложи од гледање како прва точка и да се симне на последно место што во суштина ќе значи гледање и донесување на Законот после празниците најверојатно во мај. мислам дека не би било ништо спорно да го прифатиме тоа, затоа што тие тоа го бараат донесувањето за седум осум дена подоцна нема да биде проблем, нека ги видат комисии- те сите решенија уште еднаш тоа никому нема да му пречи, особено што барањето не доаѓа од позицијата која може да биде обвинета дека повторно го пролонгира рокот и апсолутно ќе влеземе во мај заради првомајските празници, што доаѓа од опозицијата мислам дека е најмалку спорно тоа барање да биде прифатено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сакам да Ви прелдожам уште една меѓуваријанта. Со оглед на фактот што еве скоро претпоставувам Собранието нема ништо против таа работа да го исслушаме министерот за правда, да имате аргумент уште повеќе за согледување околу сите аспекти на Предлогот на законот за пратеници, па потоа да отвориме дебата, кога ќе се создадат услови почитувајќи го овој предлог на Пратеничката група на ЛДП.

Дали се согласувате така?

Има збор господинот Спасов.

IV/8.-

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници, јас се подготвував за денешната седница иако ми беше чудно што до пред почетокот на седницата Владата нема добиено ниту еден амандман на овој закон и таман помислив дека ќе помине без амандмани, ја вративме работата назад. Меѓутоа, несомнено Владата работи во интерес на Парламентот, таа е подготвена, а мислам дека е во интерес на пошироката македонска јавност навистина овој закон да се разгледа темелно, да се води темелна дебата по генералниот концепт на законот иако се наоѓа во втора фаза и да може навреме Владата да ги добие амандманите и да се изјасни по нив, бидејќи несомнено овој закон е од голема важност. Јас до сега многу пати нагласував дека преку него се уредува пред се, динамичната компонента на политичкиот систем и од тоа како тој ќе изгледа во голема мера зависи како ќе биде обликуван идниот Парламент на Република Македонија а тоа е она тело во државата која ги носи сите други закони. Заради таквата голема важност на Законот јас во име на Владата ја прифаќам оваа иницијатива и би сакал по повод Законот да кажам неколку работи.

Вие знаете дека во подготовките на овој закон, верзиите кои ги работевме и во договорите кои ги имавме со расправите кои се водеа во однос на концептот за промената на овој закон Владата поаѓаше од четири основни принципи во тоа дека тој закон треба да се промени.

Првиот основен принцип беше дека треба да имаме закон за избор на пратеници кој ќе обезбеди повисока стапка на проодност на политичките партии во Парламентот односно да обезбеди поголема рамноправност за политичките партии и поголема можност на политичките партии да имаат сопствени претставници во Парламентот. На тој начин, всушност, се обидувавме да обезбедиме преку овој закон

поголема еднаквост на изборните единици значи со промената на Законот за изборните единици и да обезбедиме еднаква изборна моќ на изборните единици и по праведно трансформирање на добиените гласови во пратенички мандати.

Според тоа, значи се менува моделот, се менуваат изборните единици, се обезбедува поголемо трансформирање на гласовите од граѓаните во пратеничкиот мандат.

Вториот принцип што сакавме да го обезбедиме со законот е тоа да се обезбеди повисока заштита на избирачкото право од аспект на правната заштита и практично поголема гаранција за фер и демократски избори заради тоа и извршивме тие промени во Законот за избирачките списоци, ги дадовме избирачките списоци не само на увид, туку и на сопственост на политичките партии.

Со Законот, исто така, интенција на овој закон е да обезбеди стабилно мнозинство во Парламентот, бидејќи за Македонија е од голема важност да обезбедиме една стабилност преку која ќе продолжи динамичниот развој на Република Македонија, нејзиниот стабилен политички развој, а истовремено да обезбедиме повисок квалитет на пратениците во Парламентот преку комбинираниот модел кој овозможува практично најспособните кадри на партијата да можат да бидат избрани на еден или на друг начин, а притоа да не биде занемарен таканаречениот политичко територијален интерес на изборните единици да имаат свои претставници во власта.

Четвртата работа која мислевме дека е многу битна со промената на овој закон да ја постигнеме тоа е истовремено да се намалат трошоците за избор на пратеници со тоа што еден дел од пратениците ќе се избираат на пропорционална листа. Сметам дека сите овие цели со Предлог-законот односно со Законот кој се наоѓа денеска пред Вас за

расправа се исполнети со законот и се содржани во одредбите на законот. За таа цел, како што знаете,ние соработувавме со повеќе меѓународни институции и Законот претрпе повеќе меѓународни експертизи.

Едни од тие експертизи ги направија претставници експерти од Обединетите Нации кои престојуваа овој период во земјата потоа од разговорите со претставниците на ОБСЕ, а истовремено ја имавме и оценката на Националниот демократски институт која всушност гласи дека предложениот закон за парламентарни избори е поповолен во споредба со слични изборни закони во другите демократии во развој и неговата заклучна оценка која гласи дека Законот обезбедува општа солидна законска рамка за изборите, Предлог законот содржи важни одредби што ги инкорпорираат меѓународните стандарди за фер и транспарентни избори и вклучува важни елементи за градеше на довербата на јавноста во политичкиот процес.

V/1.- HH/OM

**ГОРГИ СПАСОВ**: (Продолжение)

Истовремено денеска ја добивме и Рецензијата од Советот на Европа која што ќе биде дистрибуирана до сите политички партии, во која што во првиот член рецензентот на Советот на Европа вели дека овој закон кореспондира со критериумите што се во основата на демократските држави.

Втората оценка е дека овој закон претставува стапка напред во поголемата транспарентност во однос на Законот за локалните избори од 1996 година.

Според тоа и светските експерти го оценија како напредок овој закон кој што се предлага за избор на пратеници. Сметаме дека имаме добра правна рамка, која што би можела несомнено да се поправи и да биде поприфатлива за генералната дебата за законот и за амандманската расправа за него.

Како што знаете Владата непосредно и по објавувањето на овој закон беше подготвена на денешната седница да расправа за сите забелешки што во досегашниот тек беа упатени на законот.

Како што знаете сите тие забелешки што се упатени досега на законот и кои што најверојатно ќе стигнат во форма на амандманска расправа се однесуваат на четири подрачја.

Првото подрачје се однесуваше и се однесува на составот на Државната изборна комисија, на изборните комисии и на избирачките одбори. Прашањето дали да има судии и дали да има толку судии и натаму останува отворено за дискусија, меѓутоа можам да Ви кажам дека во најголемиот дел од земјите на Централна, Источна Европа присуството на судиите во изборните органи не се оспорува. Не само што не се

оспорува,туку се смета за многу значајно во овој период од транзицијата како стабилизатор на политичките конфликти кои што настануваат Многу е важно во дебатата да избегнеме нашето независно судство да го осудуваме однапред за некаква си политичка пристрасност само заради тоа што било избрано од парламентарното мнозинство, бидејќи на тој начин ќе дојдеме на тенок лед да оспоруваме се што досега има направено парламентарното мнозинство во нашата земја.

Втората димензија, која што практично е проблематична, најверојатно ќе дојдат амандмани, е кои политички групи односно кои партии ќе предлагаат членови за избирачките одбори, пред се од опозицијата.

Вие знаете дека таму постои еден критериум тоа да бидат политичките партии што добиле одреден процент на гласови во првиот круг на последните парламентарни избори. Луѓето сметаат дека тоа е сосема нормално особено Партијата ВМРО-ДПМНЕ, која што не учествуваше , ги бојкотираше последните парламентарни избори. Други сметаат дека за парламентарните избори треба да предлагаат кандидати само оние кои што добиле преку 5% на гласови од последните парламентарни избори. Трети политички партии, што имаа успех на локалните избори сметаат дека критериумот треба да биде во избирачките одбори и комисии треба да предлагаат свои кандидати сите политички партии што освоиле 3% или 5% гласови на последните локални избори. И четврти политички партии, што воопшто не учествувале во досегашните избори тој критериум го сметаат за неприфалив и нудат некоја друга варијанта, дека треба да предлагаат кандидати сите партии кои што учествуваат вонатпреварот за власта во рамките на овие избори. Според тоа се и истовремено спротивставени интереси меѓу партии во опозиција и за нив ќе треба

да се најде решение кое што најмногу ќе биде прифатливо и соодветно за демократскиот развој на Република Македонија.

Истата дилема и втората забелешка се однесува на преоѓањето од првиот во вториот изборен круг. Вие знаете дека решението во овој закон остана од стариот закон. Тоа решение е дека овозможувало всушност да не влезат , да не се профилира доволно Парламентот и се предлага процентот од 7% за поминување од првиот во вториот изборен круг да не биде 7%, туку да биде 10 или 12% од некои политички партии се предлага, а некои политички партии предлагаат во вториот круг да влезат двајцата кандидати кои што добиле најголем број на гласови во првиот круг,или тројца кандидати, како што е алтернативата на тој член од Либерално-демократската партија. Трети предлагаат да има всушност само еден изборен круг. Заради тоа сите тие дилеми се нешто за кое што треба да се продискутира и за кое што треба да се коментира, како и да има основа да се види со кое решение би добиле навистина најдобар парламент. Кое решение би било, кое што сите би го сметале сепак за доста важно.

Има доста забелешки во однос на тоа дали овој закон обезбедува доволна тајност на гласањето и се предлага затемнување на избирачките кутии, што е дел од еден друг закон, меѓутоа исто така сметам дека со амандманската расправа таквите дилеми би можеле да ги надминеме.

На крајот што се однесува до контролата на самиот процес и постапката на избирањето сметам дека има доста добри предлози кои што можат да бидат прифатливи и кои што целосно ќе ја подобрат климата пред изборите, бидејќи за мене лично, а и за Владата, не само за мене не се доволно важни и аргументирани оценките кои што ќе ги

добиеме од меѓународните и демократски институции, туку истовремено е важно колкав степен на политичка согласност со овој закон ќе постигнеме во земјата, затоа што основната идеја е изборите да ги одржиме во една клима на доверба која што е многу поважна од создавањето на климата на меѓусебна нетрпеливост и меѓусебно истребување кое што само може да и штети на Републиката и ќе му штети на целокупниот амбиент во кој што треба да ја започне целокупната работа идниот парламент.

Се надевам дека тоа не е идејата на сите тие приговори на законот и дека всушност мораме да одиме во пресрет на оние решенија и на една клима која што ќе обезбеди навистина да се прикажеме во едно демократско светло.

Во таа смисла јас очекувам, со оглед на тоа што сега се одлага дебатата по законот дека по седницата на која што ќе се најде на дневен ред односно во денот кога ќе продолжи оваа седница и кога ќе расправаме по амандманската расправа дека сите амандмани ќе бидат навремено доставени на Владата како би можела она по нив да се изјасни

Истовремено, јас веќе ветив дека на политичките партии на кои што врз основа на работната верзија која што е дадена од страна на Министерството за правда постојат одредени нејаснотии во поглед на избирачките места Министерството за правда е подготвено навремено да им го даде на увид целокупниот аналитички материјал во кој што всушност именувани сите избирачки места, како би можеле тие навистина да ја направат и анализата на работната верзија по Предлогот на законот за изборните единици. Тоа е едната работа која што сме спремни да им ја понудиме на партиите.

V/5.-

Втората работа е што уште во текот на утрешниот ден ние ќе ја дистрибуираме истовремено Рецензијата од Советот на Европа како би можеле истовремено во својата дискусија да се повикуваат и на она што се забелешки од рецензентот во рамките на Венецијанската комисија за демократија во правото и Советот на Европа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сакам да Ви предложам по излагањето на министерот за правда,излагањето на министерот да се умножи за пратениците.

Предлагам пауза до 16,00 часот.

Во меѓувреме да го погледате излагањето на министерот попостојно, а и комисиите кои што чувствуваат потреба по него да расправаат

Пред тоа г-динот Коцевски има деловничка интервенција.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ.**

Барам од претседателот и од Министерот за правда ако сакаат да бидат љубезни да ни овозможат да го добиеме мислењето односно експертизата од Советот на Европа и оценките на националниот демократски институт со седиште во Вашингтон за да може пратениците уште подобро да се подобрат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро се согласуваме.

**ГОЕЃИ СПАСОВ:**

Оценките од Националниот демократски институт веќе беа дистрибуирани во сите политички партии и јас се надевам дека политичките партии и парламентарните групи ги имаат, затоа што тој текст е преведен

на македонски и го имаат на македонски јазик. Што се однесува до мислењето на Советот на Европа, тоа е добиено денес и ние сеуште го немаме на македонски јазик. Ако парламентарните групи се расположени да го читаат на англиски ќе го дадеме во Службата на парламентот на англиски и нека го читаат на англиски јазик.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам да се стави на располагање на Пратеничката група на Либерално-Демократската партија.

(Пауза од 14,10 часот).

(По пауза)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Констатирам дека немаме кворум за работа.

Дозволете ми да Ви го честитам празникот 1 Мај и да Ви посакам добро да се одморите, а ќе продолжиме со работа по празниците, кога ќе Ве известиме дополнително.

(Седницата прекина со работа во 16,30 часот).